АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-1190/17
05-11-2018 201 год.
СКОПЈЕ

ул. . „Стале Попов„ бр.9 мезанин локал 5 , Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 169 став 1 алинеја 5 и член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08 97/10 ,53/11,185/11 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 , 78/15 и 192/15) член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, а во врска со доставениот Записник од отварање на понуди број 05-1190/8 од 19.10.2018 г.година, Извештај за текот на поднесување на конечна цена бр.05-1190/13 од 22.10.2018 г, и Извештај од спроведена постапка бр.05-1190/16 од 30.10.2018 г, од Комисијата за јавни набавки, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**09/2018** Директорот на Друштвото донесе:

**О Д Л У К А**
**за поништување на постапката за доделување на договор**
**на јавна набавка бр. 09/2018**
**за Набавка на правосмукалки**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со електронска аукција за Набавка на правосмукалки **бр.09/2018** , согласно член 169 став 1 алинеја 5 од ЗЈН (настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган)

Се задолжува Комисија за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката писмено да ги извести сите учесници во постапката за Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно член 170 став 1 од од Законот за јавни набавки и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

По истекот на крајниот рок за поднесување на понуди во Записникот за отварање на понуди бр.05-1190/8 од 19.10.2018, констатирано е дека е пристигната една понуда.

Во Извештајот од спроведена постапка бр.05-1190/16 од 30.10.2018 г од страна на Комисијата за јавни набавки констатирано е дека понудената цена од единствениот понудувач за 14 (четиринаесет ) правосмукалки е во вкупен износ од 150.000,00 денари(без ддв) и истата е за за 87,50 % повисока од проценетата вредност на набавката а која изнесува 80.000,00 денари.

Врз основа на сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 169 став 1 алинеја 5 и член 169 став 3 од ЗЈН.

**Правна заштита**

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**Доставено до:**
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Сектор за стопанисување со деловен простор
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива